Centre for Financial Reporting Reform
WORLD BANK GROUP

REPARIS FOR SMEs

Funded by the European Union

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# Зајакнување на корпоративното управување во Северна Македонија: Известување за одржливоста и зголемување на улогата на одборите за ревизија

9 ноември 2023 година, Скопје, Северна Македонија

Центар за реформа на финансиското
известување (ЦФРР),
Глобална практика за управување,
Регион Европа и Централна Азија, Светска банка
Адреса: Praterstrasse 31, 1020 Виена, Австрија
Интернет: www.worldbank.org/cfrr
Email: cfrr@worldbank.org

© 2023 Меѓународна банка за обнова и развој /Светска банка

НАЦИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# Зајакнување на корпоративното управување во Северна Македонија: Известување за одржливоста и зголемување на улогата на одборите за ревизија

9 ноември 2023 година, Хотел Мериот, Скопје, Северна Македонија

## ПРЕДГОВОР

**Патот кон Европа: Програмата за реформа на сметководството и институционално зајакнување за мали и средни претпријатија** (РЕПАРИС за МСП) има за цел: (i) понатамошно подобрување на пристапот на МСП во Западен Балкан до професионални сметководствени услуги и услуги за финансиско управување и (ii) усогласување на рамките за корпоративно финансиско известување на Западен Балкан со релевантните директиви и со регулативите на Европската Унија (ЕУ). Корисници на проектот се Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

РЕПАРИС за МСП се надоврзува на напредокот направен со завршената Програма ЕУ-РЕПАРИС (2015-2019). Го спроведува **Центарот за реформа на финансиското известување** (ЦФРР) на Светска банка, со седиште во Виена, Австрија, во тесна соработка со канцелариите на Светска банка во земјите кориснички. Активностите на програмата опфаќаат обука, настани за учење и техничка помош што им се даваат на јавни функционери, регулатори, сметководители, ревизори, стручни сметководствени организации, организации за поддршка на бизнисот и на стопански комори. Главни компоненти на програмата се:

(А) Поддршка на развојот и на спроведувањето на одржливи програми за образование и обука.

(Б) Поддршка на транспонирањето и усогласувањето на националната законска рамка и на практиките за финансиско известување и за ревизија со условите на ЕУ.

(В) Охрабрување на регионалниот пристап за спроведување на целосни реформи на сметководството и ревизијата.

(Г) Проценки на советодавните сметководствени услуги и на сметководствените и ревизорските извештаи во однос на почитувањето на стандардите и кодексите (АА РОСЦ).

Во рамките на компонентата (Б), програмата ги седнува на иста маса членовите на одборот и надворешните ревизори за да ги разгледаат можните решенија за предизвиците во подобрувањето на финансиското известување. Тие опфаќаат, на

пример, вовед во условите за управување од законодавството на ЕУ и на финансиското управување во субјекти од јавен интерес.

Конференцијата се фокусира на понатамошното спроведување на мерките за известување за корпоративната одржливост што опфаќаат известување за социјалните и за аспектите на животната средина и зголемување на улогата на одборите за ревизија. Има за цел охрабрување на дискусиите и споделување на добрите практики за овие теми преку обединување на разните групи на релевантни чинители. На конференцијата ќе се разгледаат предизвиците и потенцијалните одговори поврзани со: (i) новите одредби на Директивата на Европската Унија (ЕУ) за известување за корпоративната одржливост (ЦСРД)[1], вклучувајќи ги и новите Европски стандарди за известување за одржливоста (ЕСРС) [2]; (ii) спроведувањето на минималните услови на ЕУ за известување за одржливоста („нефинансиски извештај“ и (iii) зголемувањето на улогата на комисиите за ревизија во зајакнувањето на довербата во задолжителната ревизија и во финансиските и нефинансиските информации.

Проширување на обемот на известувањето за одржливоста, ЦСРД пропишува дека сите големи и котирани компании во ЕУ (со можност за ослободување на МСП до 2028 година) треба да ги воведат задолжителните стандарди за известување за одржливоста. Субјектите ќе треба да известуваат во согласност со новата ЕСРС развиена од Европската група за финансиско известување и совети (ЕФРАГ) и усвоена од Европската комисија на 31 јули 2023 година. Задолжително е надворешно потврдување на информациите за одржливоста. Имајќи ги предвид значителните промени во регулативата што ги предизвикува ЦСРД, важно е професијата и компаниите што е можно побрзо да почнат да се подготвуваат. Со конференцијата ќе се подигне свеста за ЦСРД и ЕСРС и ќе се разгледа кои активности е потребно да се спроведат во Северна Македонија.

На конференцијата ќе се разгледа и сè поголемата улога на одборите за ревизија во врска со финансиското и известувањето за одржливоста. Одборот за ревизија сега е клучен за зајакнувањето на довербата во задолжителната ревизија и во финансиските информации. Во целина, одборот за ревизија се очекува да стане главен фактор во рамката за корпоративно управување кое ги опфаќа и финансиското и известувањето за одржливоста.

Конференцијата е организирана во соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.[3]

Настанот ќе се одржи на англиски јазик со симултан превод на македонски.

---

[1] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:32022L2464
[2] https://finance.ec.europa.eu/regulation-and-supervision/financial-services-legislation/implementing-and-delegated-acts/corporate-sustainability-reporting-directive_en
[3] https://iorrm.org.mk/

## АГЕНДА | ЧЕТВРТОК, 9 НОЕМВРИ 2023 ГОДИНА | 08:30 – 18:00

**08:30** **Регистрација и кафе за добредојде**

**09:00**

**Поздравни зборови**

**Ивона Варжеха** | виш специјалист за финансиско управување, водач на тимот на проектот РЕПАРИС за МСП, Светска банка

**Филип Николоски** | заменик министер, Министерство за финансии на Северна Македонија

**Драган Димитров** | претседател на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија

**Стефен Худолин** | раководител за соработка, Делегација на Европската Унија во Северна Македонија

**09:30**

**Условите на новото европско известување за одржливоста**

Одржливоста, особено климата, е прашање што го дефинира нашето време. Општата цел е да се преориентираат капиталните текови кон одржливи инвестиции заради постигнување одржлив и инклузивен раст; кон управување со финансиските ризици произлегува од климатските промени, исцрпувањето на ресурсите, деградацијата на животната средина и од социјалните прашања; и кон поттикнување на транспарентноста и на долгорочноста во финансиската и економската активност. До 2030 година, ЕУ планира намалување на емисиите за 55 проценти во однос на новото од 1990 година, а до 2050 година да постигне климатска неутралност. ЦСРД пропишува сите големи компании и сите компании котирани во ЕУ да ја обелоденат својата деловна стратегија за одржливоста и сите цели за одржливоста што си ги имаат поставено и секако, напредокот што го прават кон нивно остварување. Оваа презентација ќе даде општ преглед на содржината на усвоената ЕССР и ќе даде увид во клучните одредби на ЦСРД. Исто така, на оваа сесија, публиката ќе биде информирана за агендата за Светска банка за одржливост, вклучувајќи ги очекуваните исходи и предизвици и ќе се разгледаат синергиите помеѓу известувањето за одржливоста во јавниот и во приватниот сектор.

**Паоло Мацео** | виш технички раководител, Европска група за финансиско известување и совети

**Медиха Агар** | виш специјалист за јавен сектор, Светска банка

Модератори:

**Андреј Бусиок** | виш специјалист за финансиско управување, Светска банка

**Гарик Сергејан** | виш специјалист за финансиско управување, Светска банка

**10:45** **Пауза за кафе**

**11:15**

**Известување за корпоративната одржливост — Потенцијалното влијание и поврзаните предизвици за Северна Македонија**

Меѓународните инвеститори со глобални инвестициски портфолија сè повеќе бараат квалитетно, транспарентно, сигурно и споредливо известување од компаниите за климата и за другите прашања на животната средина, социјалните аспекти и управувањето (ЕСГ). На панелот ќе се разгледаат и ќе се дебатира за потенцијалното влијание на поврзаните предизвици за Северна Македонија во контекстот на европските барања.

Панелисти:
**Орнела Трајкоска Пендевска** | помошник на раководителот, Одделение за финансиски систем, Министерство за финансии на Северна Македонија
**Драган Давитков** | партнер, ПвЦ
**Димитар Ристовски** | корпоративен секретар на АЛКАЛОИД АД Скопје
Модератор: **Атанаско Атанасовски** | професор, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје

**12:30** **Ручек**

**13:30**

**Критичната улога на комисиите за ревизија во транспарентноста и отчетноста**

Одборот за ревизија е важна алка во синџирот на субјекти што осигуруваат соодветно известување и на уверувањето што им се дава на ревизорите. Уредувањето на одборите за ревизија треба да биде пропорционално на задачата и може да се разликува во однос на големината, сложеноста и профилот на ризикот на субјектот. На оваа сесија ќе се даде преглед на улогата и одговорностите на одборот за ревизија во однос на корпоративното финансиско известување и известувањето за одржливоста и ќе се даде увид во исполнувањето на предизвиците во спроведувањето на ефективен одбор за ревизија согласно одредбите на законодавството на ЕУ и добрите меѓународни практики. На оваа сесија ќе се понуди и пример за добра практика врз основа на работата на одборите за ревизија во Полска, нагласувајќи ги прашањата релевантни за банкарскиот сектор и за големите котирани компании.

**Владимир Хрле** | правник, консултант на ЕСГ, водач на советодавниот тим за интегрирани ЕСГ, Меѓународна финансиска корпорација, Групација Светска банка
**Данута Дабровска** | независен член на надзорниот одбор, партнер основал во Групацијата Орикс

Модератори:
**Ивона Варжеха** | виш специјалист за финансиско управување, Светска банка
**Гарик Сергејан** | виш специјалист за финансиско управување, Светска банка

**14:45** **Пауза за кафе**

**15:15**

**Подобрување на ефективноста на одборите за ревизија во Северна Македонија имајќи ја предвид реалната состојба и добрата меѓународна практика**

Членовите на панелот ќе ја разгледаат улогата на одборот за ревизија и ќе предлагаат области што имаат најголем потенцијал за подобрување на ефективноста на членовите на одборите за ревизија во промовирањето на квалитетното и транспарентно корпоративно известување и ревизија на одржливоста во Северна Македонија.

Панелисти:
**Јане Иванов** | партнер ревизор во Мазарс во Северна Македонија
**Лидија Нануш** | член на советот на Надзорниот одбор на ревизорите во Северна Македонија
**Драган Димитров** | овластен ревизор, партнер – директор
**Зорица Божиновска Лазаревска** | професор, Економски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј, член на Оборот за ревизија во Стопанска банка АД Скопје

Модератор:
**Владимир Хрле** | правник, консултант на ЕСГ, водач на советодавниот тим за интегрирани ЕСГ, Меѓународна финансиска корпорација, Групација Светска банка

**16:30** **Завршни зборови**
**Андреј Бусиок** | виш специјалист за финансиско управување, Светска банка

**16:45** **Крај на конференцијата**

**16:45** **Коктел**

**18:00** **Крај на коктелот**